Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup
Бр. / Nr. 03-743/3
04. 08. 2023 20 год. / viti

Арх. број:
Датум: 04. 08. 2023

До
[redacted]

**Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

**Врска (Ваш број):**

Почитувана [redacted],

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е прифатено со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-743/2 од 04.08.2023 година, чиј прилог е и овој Одговор.

Имено, Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса ([redacted]), фотокопија од следната информација:

1. За одговорот на прашањето под точка 1: Ве молам да ми доставите имиња на инспекторите за чиешто работење биле поднесени претставки до Инспекцискиот совет.

2. За одговорот на прашањето под точка 2: Ве молам да ми доставите имиња на инспекторите за чиешто работење и постапување Инспекцискиот совет констатирал дека претставките се основани.

3. Дали Инспекцискиот совет, согласно сегашниот Закон за инспекциски надзор, сè уште има надлежности да одземе лиценца за работа на инспектор?

4. Дали единствените ингеренции кои Инспекцискиот совет ги има согласно сегашниот Закон за инспекциски надзор се да утврди одговорност и да поднесе иницијатива за поведување на дисциплинска постапка до надлежната институција, односно инспекциска служба?

5. Дали Инспекцискиот совет има надлежност и обврска да достави известување до надлежното јавно обвинителство доколку во постапувањето на инспекторот, кој е

предмет на пријава, констатира дека има елементи на кривично дело? Ве молам за појаснување за тоа во чија надлежност е ова.

Со оглед на побараното од Ваша страна, Ве информираме за следното:

1. До Инспекцискиот совет пристигнати се претставки против инспектори поврзани со работењето и постапувањето на инспекторите при Агенцијата за храна и ветеринарство, и тоа за инспекторите:

    1. Санде Крамарски
    2. Зоран Ивановски
    3. Лена Петрулоска
    4. Александар Ристевски
    5. Фанка Јовановска
    6. Дејан Мандулоски
    7. Зоран Антовски
    8. Александра Стоилева
    9. Љупка Радинска
    10. Дарко Митевски
    11. Билјана Ѓорѓиевска
    12. Славче Атанасовски
    13. Марина Костеска
    14. Милка Клариќ Павлова – 2021 година
    15. Милка Клариќ Павлова – 2022 година
    16. Милка Клариќ Павлова – 2022 година
    17. Ален Дреца
    18. Симо Костов

2. Согласно стариот Закон за инпекциски надзор Инпекцискиот совет беше надлежен за водење на дисциплинска постапка против инспекторите, преку формирање на дисциплинска комисија составена од еден претставник од Агенцијата за администрација, еден член од редот на вработените во инспекциската служба во која е вработен инспекторот против кој е поведена дисциплинската постапка, како и еден член од редот на раководните инспектори во која било друга инспекциска служба. Согласно наведеното, Инспекцискиот совет против инспектори при Агенцијата за храна и ветеринарство во 2018 година има поведено 2 (две) дисциплински постапки против инспекторите Санде Крамарски и Зоран Ивановски и во 2019 година 1 (една) дисциплинска постапка против инспекторката Фанка Јовановска. Со отпочнувањето на примената на новиот Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019), Инспекцискиот совет повеќе нема законска надлежност да спроведува дисциплински постапки. Согласно член 18, став (21) од новиот ЗИН, Инспекцискиот совет до директорот на инспекциската служба во која е

вработен инспекторот поднесува иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност на инпектор, кој пак спроведува дисциплинска постапка согласно одредбите од Законот за административни службеници. Согласно наведеното, Инспекцискиот совет има поднесено вкупно 3 (три) иницијативи за дисциплинска постапка против инспектори вработени во Агенцијата за храна и ветеринарство и тоа во 2019 година против инспекторот Дејан Мандулоски, во 2022 година против инспекторката Милка Клариќ Павлова и во 2023 година против Виш инспектор Симо Костов.

3. Согласно член 45 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019), директорот односно раководителот на инспекциската служба го известува Советот во рок од 7 (седум) денови од конечноста на решението за престанокот на вработувањето на инспекторот кога настапиле штетни последици за институцијата а при тоа не се утврдени олеснителни околности за инспекторот кој го сторил престапот или по сила на закон. Согласно став (2) од истиот член, по добивањето на известувањето од ставот (1) на овој член, Советот донесува одлука за одземање на лиценцата за инспектор.

4. Согласно член 18 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019), надлежности на Инспекциски совет се:

   1) ја следи и координира работата на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

   2) се грижи за примената на меѓународно признатите стандарди за инспекциски надзор пропишани од меѓународните, европските и регионалните организации за стандардизација, како и за стандардите и другите стандардизациски документи кои ја сочинуваат националната стандардизација, како и правилата на добра практика кои ги применува субјектот на инспекциски надзор;

   3) дава писмена согласност на годишниот план за инспекциски надзор на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

   4) дава мислење на методологиите за процена на ризик донесени од инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

   5) дава мислење на шестмесечните извештаи за инспекциски надзор на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и

организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

6) дава мислење на предлозите на законите и подзаконските акти од областа на инспекцискиот надзор;

7) донесува насоки за изготвување на актите за внатрешна организација и систематизација на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациските единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа, врз основа на кои Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност;

8) подготвува годишен извештај за работа на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа, кој го доставува до Владата;

9) издава налог за вршење на поединечен и заеднички инспекциски надзор, на инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

10) донесува програма за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор;

11) донесува програма за испит за лиценца за инспектор - општ дел и го организира и спроведува општиот дел од испитот за лиценца за инспектор;

12) издава и одзема лиценца за инспектор;

13) развива политики за управување со учинокот на инспекторите и ја следи успешноста на нивното работење;

14) креира единствена рамка за развој и управување со инспекторите во инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

15) воспоставува и одржува систем за стручно усовршување и обука на инспектори во инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

16) донесува и спроведува годишна програма за генеричка обука на инспекторите во инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа;

17) донесува стратешки план, годишен план за работа и годишен извештај за работа на Советот;

18) воспоставува и одржува регистри и информациски систем за управување со инспекцискиот надзор;

19) постапува по претставки од физички и правни лица, поврзани со работата на инспекторите, инспекциските служби и/или субјектите на инспекциски надзор;

20) поднесува предлог за разрешување на директор на инспекциска служба од член 26, став (1), точка 1;

21) поднесува иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност на инспектор;

22) спроведува меѓународна соработка во областа на инспекциски надзор и

23) други работи утврдени со закон.

5. Инспекцискиот совет нема надлежност да доставува известување до јавното обвинителство. Советот постапува согласно надлежностите наведени во член 18 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019).

Инспекцискиот совет и понатаму Ви стои на располагање за сите останати информации од јавен карактер со коишто располага и коишто ги создал во текот на своето работење.

Искрено,

м-р Сашо Мержаноски,
Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил/а: Андријана Алексова, помлад соработник

Проверил/а: Маја Срезоска, раководител на Сектор